Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 41/0306
23.03 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09 март 2023 година, врз основа на примена жалба од Ѓон Карица, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „*Учесник на BBVK е позитивен на ХИВ-СИДА*", објавен на порталот paCensure.com на 23 јануари 2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членовите 1 и 7 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 18 февруари 2023 година, Ѓон Карица поднесе жалба за текстот со наслов „Учесник на BBVK е позитивен на ХИВ-СИДА“ („Banori i BBVK rezulton pozitiv me HIV-AIDS“), објавен на порталот *paCensure.com* на 23 јануари 2023 година.

Во жалбата се наведува дека порталот објавил неточна информација дека жалителот бил позитивен на ХИВ, но и дека веста била шпекулација и била демантрирана, но сепак била објавена од интернет порталот paCensure.com. Карица испратил барање за демант, врз основа на членот 3 од Кодексот, но порталот не го објавил демантот, ниту ја отстранил веста од својот веб сајт.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до редакцијата на порталот paCensure.com со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Редакцијата на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот се прекршени членовите 1 и 7 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„... Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.“*

Во расправата што ја водеше за оваа жалба, Комисијата констатираше прекршување на двата члена од Кодексот на новинарите.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

На седницата одржана на 09 март 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Во поглед на прекршувањето на член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, Комисијата констатираше дека и во насловот и во самиот текст медиумот објавил непроверена информација за здравствената состојба на жалителот. Покрај тоа, медиумот воопшто не направил напор да го контактира жалителот за да ја провери информацијата, ниту на кој било друг начин да добие потврда за веста.

Освен тоа, дури и да била точна веста, медиумот не смеел да ја објави без да добие согласност од лицето на кое се однесува, бидејќи станува збор за негова здравствена состојба, што е заштитен личен податок. Оттаму, Комисијата констатира дека медиумот го прекршил и член 7 од Кодексот, односно ја нарушил приватноста на жалителот со тоа што објавил вест поврзана со неговата здравствена состојба. Комисијата нагласува дека без оглед што жалителот е позната личност (учесник во реалити шоу „Големиот брат“), информацијата за неговата здравствена состојба не е прашање од јавен интерес.

Во овој контекст, Комисијата укажува на точка 7.1. од Насоките за етичко изветсување на онлајн медиумите каде се утврдува дека „онлајн медиумите ќе избегнуваат да навлегуваат во приватниот живот на поединците, освен кога тоа не е битно прашање од јавен интерес и мошне внимателно ќе ги разгледаат причините за обелоденувањето информации од нечиј приватен живот, пред да одлучат да ја обработат темата. Притоа, секогаш ќе имаат предвид дека на прво место е јавниот интерес, а не љубопитноста на нивната публика.“

Комисијата, исто така, потсетува на одредбата од точка 1.6. од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите според која „при користењето информации добиени од социјалните мрежи, од веб-страници, блогови или други извори на интернет, онлајн медиумите внимателно ќе ја проверат нивната веродостојност и кредибилност.“

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи дека е прекршен членот 1 и со мнозинство гласови одлучи дека е прекршен и членот 7 од Кодексот на новинарите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски Претседател на Комисијата за жалби

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595